**ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД СКОПЈЕ**

Акционерско Друштво за осигурување
ГРАВЕ НЕЖИВОТ СКОПЈЕ
Бр. 0202-27/64
01.09. 2023 год.
Скопје

# ПОСЕБНИ УСЛОВИ
# ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ОДГОВОРНОСТ ОД ДЕЈНОСТ НА НОТАРИ

**Скопје, септември 2023 год.**

**Усвоени со одлука на Управен одбор број 0202-27/63 од 01.09.2023 година**

## I. ВОВЕДНИ ОДРЕДБИ

### ЗНАЧЕЊЕ НА ОДДЕЛНИ ИЗРАЗИ ВО ОВИЕ УСЛОВИ

Осигурител - правно лице што според Законот за супервизија на осигурување е регистрирано за вршење дејности од осигурување во Република Македонија.

Договарач на осигурување - лице што со осигурителот склучува договор за осигурување.

Осигуреник - нотарот што врши нотарски работи и чија одговорност е покриена со осигурувањето.

Трето лице - корисник на осигурување, кој ќе претрпи штета од вршење нотарски работи;

Полиса - документ за склученото осигурување.

Премија за осигурување - износ што договарачот на осигурувањето, односно осигуреникот го плаќа согласно со договорот за осигурување.

Нотарски документи - се документи за правни работи и документи што ги составуваат нотарите (нотарски акти) и потврди за факти што ќе ги посведочи нотарот (нотарско потврдување - нотарска потврда).

За подзаконски акти се сметаат:

1. Правилник за утврдување критериуми за опрема и простории потребни за вршење на нотарската служба;
2. Правилник за работно време на нотари;
3. Правилник за нотарска тарифа;
4. Правилник за критериумите за бројот и распоредот наслужбените седишта на нотарите во Република Македонија.
5. Правилник за видот, содржината, формата, начинот на водењето на актите и книгите, примањето и чувањето на документите и на предметите од вредност и нивно издавање, преземање други формални дејства.
6. Правилник за формата, содржината и начинот на издавање и одземање на печатот, жигот и штембилите и фирмата на нотарот - ППШ.

## II. ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

### ПРЕДМЕТ НА ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Предмет на осигурување според овие услови е законската одговорност на нотарите за причинети штети што ќе ги предизвикаат на трети лица при вршење на нотарските работи, за времетраење на осигурувањето, а согласно со Законот за вршење нотарски работи.

Предмет на осигурување е и законската одговорност на заменикот на нотарот за причинети штети што ќе ги предизвика при вршење нотарски работи, во време кога со договор или со одобрение го заменува отсутниот нотар.

Со ова осигурување, законската одговорност на нотарот и на заменикот на нотарот е покриена за штети што ќе настанат и што ќе ги пријават за времетраење на осигурувањето, а кои се настанати како последица од непредвидлив, неочекуван и непознат штетен настан во вид на пропуст или грешка од небрежност, а при вршење нотарски работи.

Со надоместок на штета се опфаќаат сите оштетени трети лица во времетраењето на осигурувањето.

Со осигурувањето не се опфаќаат штети што се причинети со намера, измама и грубо невнимание од страна на нотарот и на заменикот на нотарот.

## СУМА НА ОСИГУРУВАЊЕ

Член 2

Сума на осигурување претставува горната граница на обврските на осигурителот за еден осигурен случај и изнесува 18.750 евра во денарска противвредност.

Доколку настанат повеќе штети, кои произлегуваат од ист штетен настан и кои временски се поврзани, а ја надминуваат сумата на осигурување, обврската на осигурителот е до сумата на осигурување.

Најниската сума на осигурување се определува во висина на десетгодишна просечна плата во Републиката, пресметана според податоците од Заводот за статистика.

Осигуреникот може да договори и повисока сума на осигурување од износот во претходниот став (повисока сума на осигурување од минималната сума на осигурување според тарифата на осигурителот).

## ИЗВОР НА ОПАСНОСТ

Член 3

Нотарот и заменикот на нотарот согласно со Законот, ги вршат следните должности од кои можат да произлезат штетни настани како последица на грешка или пропуст од небрежност, а тоа се:

1. Службено составуваат и издаваат јавни документи за правни работи, изјави и факти на кои се засноваат права. Во овој делокруг на нотарска дејност се:

а) договори за уредување имотни односи меѓу брачни другари и меѓу лицата што живеат во вонбрачна заедница;

б) договори за подарок на движен и недвижен имот, како и договори за подарок без предавање на предметот во сопственост на даропримачот;

в) акти за основање, организирање, престанок, статусни и други промени на правните лица што вршат стопанска дејност, институции, фондации и други органи, освен трговски друштва;

г) сите правни работи што ги преземаат лицата што не знаат или не можат да читаат и да пишуваат.

2. Службено заверуваат приватни документи и тоа:
а) испитуваат дали приватниот документ е во согласност со Законот и ако не постојат пречки го потврдуваат;
б) потврдениот приватен документ добива важност на јавен документ.

3. Преземаат на чување документи, пари и хартии од вредност поради предавање на други лица или надлежни органи, а притоа е потребно:
а) при преземање на чување документи да состават записник на кој се потпишуваат лицето кое го предава документот и нотарот, и документот се заверува со печатот од нотарот;
б) при преземање на чување готови пари, меници, чекови, јавни обврзници и други хартии од вредност, на странката да ѝ издадат потврда со спецификација на применото.

4. По налог на судовите и на други државни органи вршат работи што се утврдени со посебни закони и тоа:
а) судот или друг државен орган може на нотарот да му довери работи што се утврдени со посебен закон;
б) за нотарот како повереник на судот или за друг орган се применуваат правилата со кои се уредува постапката;
в) надзорот над работењето на нотарот како повереник на одреден орган го врши самиот тој орган.

5. Нотарот врши и други работи што се определени со закон.

## ОСИГУРЕН СЛУЧАЈ

Член 4

За осигурен случај според овие услови се смета законската одговорност на нотарот и на заменикот на нотарот за пропуст или за грешка во вршење на нотарската служба (во поединечен нотарски акт, записник или потврда, односно при застапување пред судовите или пред друг орган на власта), со што ќе предизвика штета на трети лица за времетраење на осигурувањето.

Се смета дека осигурениот случај настанал во оној момент кога се остварил штетен настан врз основа на кој би можело да се истакне барање за оштета од трето лице за чисто имотна штета.

Осигурениот случај треба да биде иден, неизвесен и независен од исклучивата волја на осигуреникот.

Се смета дека осигурениот случај настанал тогаш кога е сторено дејство, односно кога настанал пропуст при вршење дејност означена во полисата, со што е предизвикана чиста имотна штета на трето лице.

## ШТЕТИ ИСКЛУЧЕНИ ОД ОСИГУРУВАЊЕТО

Член 5

Од осигурувањето се исклучуваат штети што се предизвикани:

1. Со намера, измама и грубо невнимание на нотарот и на заменикот на нотарот.
2. Од вработените лица што не се опфатени со осигурувањето.
3. Поради договорно проширување на одговорноста на осигуреникот и на случаи кои според законот не спаѓаат во вршење нотарска дејност.
4. Поради неодржување на рокови, доколку за тоа е одговорна странката, чиј нотар е повереник или застапник;
5. Во случај на застапување странки спротивно на одредбите од Законот за вршење нотарски работи.
6. За грешки што биле познати во време на склучување на договорот за осигурување или не можеле да останат непознати.
7. Настанати по истек на одреден рок, односно рок од 15 дена од денот на преземање пари или хартии од вредност, доколку предавачот е известен со препорачано писмо за предавање на парите и за преземените вредности од судот на чување.
8. За трошоците за надоместување (пополнување) списи и книги што се исчезнати во постапка со нотарските акти по испразнување на нотарското место.
9. Поради грешка во пресметка и во примена на нотарската тарифа.
10. Поради престанок на вршење функција, односно разрешување на нотарот и на нотарот што не е запишан во именикот на нотари.
11. Во сите случаи кога не може да се утврди одговорност на нотарот во согласност со Законот за вршење нотарски работи и Законот за трговски друштва, подзаконски акти и со овие услови.
12. За смрт или телесна повреда на лица и за оштетување и исчезнување предмети, вклучувајќи и кражба на предмети на трети лица.
13. За штети на предмети и лица поради загадување на воздухот, земјата и водата.
14. За штети настанати од сите други ризици што не се опфатени со овие услови за осигурување.

## III. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### СКЛУЧУВАЊЕ ДОГОВОР ЗА ОСИГУРУВАЊЕ

Член 6

Договорот за осигурување се склучува врз основа на усна или писмена понуда, а склучен е кога договарачите ќе потпишат полиса за осигурување, односно кога согласно со Законот за вршење нотарски работи, нотарот или Комората ќе поднесат барање за осигурување.

Усната понуда упатена до осигурителот за склучување договор за осигурување не ги обврзува ниту понудувачот ниту, пак, осигурителот.

Ако осигурителот во врска со примената писмена понуда побара какво било дополнување или измена, како ден на прием на понудата ќе се смета денот кога

осигурителот го примил бараното дополнување или измена, односно кога ќе биде известен за прифаќање на неговите услови.

## ПОЧЕТОК И ПРЕСТАНОК НА ОСИГУРУВАЊЕТО

Член 7

Обврската на осигурителот започнува по истек на 24-тиот час од денот што во договорот за осигурување е означен како почеток на осигурувањето.

Обврската на осигурителот престанува со истекот на 24-тиот час од денот што во договорот за осигурување е наведен како ден на истек на осигурувањето.

Осигурувањето може да престане поради: престанок на вршење функција, отказ и во други случаи кога постојат законски пречки.

## ПЛАЌАЊЕ НА ПРЕМИЈА

Член 8

Договарачот на осигурувањето премијата за осигурување ја плаќа веднаш при склучување на договорот за осигурување, ако поинаку не е договорено.

## ОБВРСКА НА ОСИГУРЕНИКОТ КОГА ЌЕ НАСТАНЕ ОСИГУРЕНИОТ СЛУЧАЈ

Член 9

Осигуреникот е должен да го извести осигурителот најдоцна во рок од 3 дена од денот на пријавувањето на побарување за оштета од оштетениот.

Осигуреникот е должен на осигурителот да му овозможи увид во документацијата со аргументирани факти што се потребни за утврдување на причината и на висината на штетата.

Осигуреникот е должен да го извести осигурителот и да достави наод од надлежен орган, кога барањето за надоместок на штета против него е истакнато преку суд.

Осигуреникот не е овластен без претходна согласност од осигурителот да се изјаснува за барањето, а особено да го признае потполно или делумно, да се спогодува или да изврши исплата.

Ако оштетениот поднесе тужба за надоместок на штета против осигуреникот, тој е должен да го извести осигурителот писмено во врска со штетниот настан, како и да се договорат околу водењето на спорот.

Во случај кога оштетениот со барањето за надоместок на штета непосредно ќе му се обрати на осигурителот, осигуреникот е должен да даде писмена изјава за причината за настанување на штетата и е должен да ги презентира сите документи и факти со кои располага, а кои се неопходни за утврдување на одговорноста за причинетата штета и за оцена на основаноста на барањето, за обемот и за висината на штетата.

Доколку осигуреникот не се придржува кон обврските од овој член, самиот ќе ги сноси штетните последици што ќе настанат поради тоа, освен ако тие би настанале и доколку тој се придржувал кон обврските.

## ОБВРСКИ НА ОСИГУРИТЕЛОТ ПО ПОДНЕСЕНО БАРАЊЕ ОД ОШТЕТЕНО ЛИЦЕ

Член 10

Во врска со поднесеното барање за надоместок на штета од страна на оштетеното лице, осигурителот има обврска:

- заедно со осигуреникот да преземе одбрана од неосновани и претерани барања за надоместок на штета (правна заштита);
- да ја надомести настанатата штета (надоместок на штета);
- да ги надомести трошоците по судската постапка (надоместок на судските трошоци).

## ПРАВНА ЗАШТИТА

Член 11

Обврската на осигурителот за давање правна заштита опфаќа:

- водење спор во име на осигуреникот, ако оштетениот остварува право на надоместок на штета во процесната постапка;
- давање изјави во име на осигуреникот за кои смета дека ќе бидат од корист за задоволување или за одбрана од неосновано или претерано барање за надоместок на штета.

Водењето на спорот може да му се довери на осигуреникот што е должен да се придржува до упатствата кога станува збор за неоправдани барања.

Осигурителот е овластен да одбие да води спор во име на осигуреникот, ако оцени дека нема место за давање правна заштита и во случај кога висината на надоместокот на штетата ја надминува сумата на осигурување.

Во случај осигурителот на име надоместок на штета да ја исплатил сумата на осигурување пред започнување на спорот, престанува и неговата обврска на правна заштита.

## НАДОМЕСТОК НА ШТЕТА

Член 12

Осигурителот го исплатува надоместокот на штета во рок од 14 дена, сметано од денот кога ја утврдил својата обврска и висината на таа обврска.
Доколку при разгледување на барањето се утврди дека осигуреникот не ги доставил сите докази и факти битни за утврдување на основата и на висината на штетата, осигурителот нема да изврши исплата на штетата.

## НАДОМЕСТОК НА ТРОШОЦИТЕ ПО ПОСТАПКАТА

Член 13

Ако спорот е воден со знаење и со согласност на осигурителот, со осигурувањето се покриени и трошоците на спорот, доколку заедно со надоместокот на штетата не ја надминуваат сумата на осигурување.

Трошоците за кривичната постапка, како и трошоците за застапување на осигуреникот, осигурителот не е во обврска да ги надомести.

Кога ќе ја изврши својата обврска со исплата на сумата на осигурување, осигурителот се ослободува од сите понатамошни давачки во име на надоместок на штета и трошоци.

## НЕПОСРЕДНО БАРАЊЕ ОД ОШТЕТЕНО ЛИЦЕ

Член 14

Ако оштетеното лице своето барање и тужбата за надоместок на штета ги упати само кон осигурителот, осигурителот е должен да го извести осигуреникот и да го повика да ги презентира сите потребни докази, а осигуреникот е должен да преземе мерки за заштита на своите интереси.

Доколку во случајот од претходниот став осигурителот одлучи да му исплати надоместок на оштетениот во потполност или делумно, должен е за тоа да го извести осигуреникот.

## УТВРДУВАЊЕ И ПРОЦЕНА НА ШТЕТА

Член 15

Штетата ја утврдуваат и ја проценуваат заедно осигуреникот и осигурителот со оштетениот, односно нивни овластени претставници.

Штетата се утврдува и се проценува врз основа на уредна документација достапна на увид на овластениот претставник на осигурителот, а согласно со Законот за облигациони односи и со Законот за вршење нотарски работи.

## ВЕШТАЧЕЊЕ ШТЕТА

Член 16

Доколку при утврдување и проценување на штетата не се согласат договорните страни и оштетениот, може да побараат штетата да се утврди и да се процени по пат на вештачење.

Секоја од договорните страни и оштетениот писмено го именуваат својот вештак. За вештаци може да се именуваат лица што се во работен однос со осигуреникот и со осигурителот, како и лице овластено од оштетениот (комисиска процена), а кои не учествувале во претходната процена.

Пред почетокот на вештачењето, именуваните вештаци бираат трет вештак како претседател, кој е со високо образование и не е во работен однос кај договорните страни. Претседателот дава стручно мислење за спорните прашања на вештаците.

Предмет на вештачење можат да бидат само спорни факти. Кои спорни факти ќе бидат предмет на вештачењето, како и постапката за вештачење, конкретно ги определуваат договорните страни со писмен договор за вештачење.

Секоја договорна страна и оштетениот ги сносат трошоците за својот вештак, а трошоците за претседателот ги сносат сите страни рамномерно.

## ВИСИНА НА НАДОМЕСТОК НА ШТЕТА

Член 17

Висината на надоместокот на штетата не може да биде поголема од штетата што оштетениот ја претрпел со настанување на осигурениот случај.

Надоместокот на штета и судските трошоци се исплатуваат најмногу до договорената сума на осигурување, со што престанува и обврската на осигурителот.

## ФРАНШИЗА

Член 18

Осигуреникот може да се договори со осигурителот сам да учествува во секоја штета со одреден износ од утврдената висина за надоместок на штета.

Ако осигуреникот договори франшиза, се намалува и премијата за осигурување во зависност од договорениот износ.

## ПРАВО НА РЕГРЕС

Член 19

Осигурителот задржува право на регрес од осигуреникот, во случај кога дополнително ќе се утврди дека штетата е предизвикана со намера, измама или грубо невнимание, а за што на осигурителот од страна на осигуреникот не му се презентирани точни и вистинити податоци, односно докази за надоместок на штетата.

## ЗАСТАРУВАЊЕ НА ПОБАРУВАЊЕТО

Член 20

Побарувањата за надоместок на штета по склучениот договор за осигурување застаруваат во рок од три години, сметано од денот кога настапил осигурениот случај.

## ТЕРИТОРИЈАЛНО ВАЖЕЊЕ НА ОСИГУРУВАЊЕТО

Член 21

Со осигурувањето се опфатени осигурени случаи што ќе настанат на територијата на Република Македонија.

## НАДЛЕЖНОСТ НА СУДОТ ВО СЛУЧАЈ НА СПОР И ПРИМЕНА НА ЗАКОНИТЕ

Член 22

За споровите што ќе произлезат од примената на овие услови ќе решава стварно надлежниот суд во седиштето на осигурителот.

За односите помеѓу договорните страни се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи, општите и посебните услови за осигурување.

Општите услови важат во оној дел што не е во спротивност со посебните услови за осигурување, одговорност на нотарите.

## ВАЖНОСТ НА ОПШТИТЕ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ИМОТИ

Член 23

На осигурувањата склучени според овие услови се применуваат и општите услови за осигурување имоти, доколку не се во спротивност со овие услови.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 24

Постапка по приговори

Во случај осигурителот и осигуреникот да не се согласат по однос на обемот и висината на штетата, осигуреникот има право на приговор во рок од осум дена од приемот на писменото известување од осигурителот до Второстепената комисија за решавање штети по приговор, што е должна во рок од 30 дена да одговори по приговорот.

Член 25

Постапка по жалба

Договарачот, односно осигуреникот во однос на работењето на Друштвото има право на жалба до Агенцијата за супервизија во осигурување како надлежен орган за супервизија на друштвата за осигурување.

Член 26
Решавање спорови

Евентуалните спорови што би произлегле од договорот за осигурување договорните страни ќе ги решаваат спогодбено, а доколку не дојде до спогодба, надлежен е стварно надлежниот суд според местото на склучување на договорот за осигурување.

Член 27
Обработка и заштита на личните податоци

Согласно одредбите од Законот за заштита на личните податоци ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје врши обработка (собирање, евидентирање, организирање, чување итн.) на лични податоци на физички лица-договорувачи на осигурување односно осигуреници чии лични податоци ги обработува ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје со цел исполнување на права и обврски кои произлегуваат од конкретниот закон. Личните податоци ќе се обработуваат само на начин што обезбедува соодветно ниво на безбедност на личните податоци со примена на соодветни технички или организациски мерки, со имплементиран систем за информациска сигурност заради заштита на личните податоци, согласно стратегиите и политиките на ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје. ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје во својство на контролор на личните податоци, истите ги користи совесно, законито и согласно целта за која се собрани.

Член 28
Основ и цел за обработка на лични податоци

Врз основа на член 109 од Законот за супервизија на осигурување, а во согласност со Законот за заштита на личните податоци ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје собира, обработува, чува, користи и доставува лични податоци кои се неопходни при склучување на договорите за осигурување (полиси). Контролорите може да ги обработуваат личните податоци со цел исполнување на правата што произлегуваат од договорот за осигурување, односно со цел водење на постапка за надомест на штета и воспоставување на бази на податоци за настанати штети.

ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје ги обработува личните податоци само врз основа на претходна согласност од субјектот на личните податоци.

Согласноста за обработка на личните податоци може да се повлече во секое време трајно или привремено преку доставување на известување за повлекување на согласност по пошта на следната адреса: „ул.Пиринска“ бр.23, 1-1/5, 1000 Скопје“ или преку електронска адреса info@grawe.mk.

Член 29
Пренос на личните податоци

ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје е дел од Групацијата Grawe. Личните податоци на субјектите на лични податоци се пренесуваат во рамките на Групацијата, односно во матичното друштвото Grazer Wechselseitige Versicherung Aktiengesellschaft. При вршење на преносот на личните податоци се обезбедува високо ниво на технички и организациски мерки за обезбедување на тајност и заштита на личните податоци.

Член 30
Обработка на лични податоци за цели на директен маркетинг

Личните податоци со исклучок на податоците за здравствена состојба, ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје ги обработува за цели на директен маркетинг само врз основа на дадена согласност за обработка на лични податоци за цели на директен маркетинг кои ги врши за себе или поврзаните друштва во земјата или во странство.

Член 31
Права на субјектите на личните податоци

Во врска со сите прашања поврзани со обработка на лични податоци, за остварување на правата кои произлегуваа од Законот за заштита на личните податоци субјектите на лични податоци доставуваат барање на адреса на Граве Осигурување Неживот АД Ул.Пиринска 23,1-1/5 Скопје со назнака за Офицер за заштита на лични податоци.

Член 32
Рокови на чување на лични податоци

Личните податоци, ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје ги чува во рок до 10 години по истекот на договорот за осигурување или во случај на настанување на штета, 10 години по затворањето на случајот на настанување на штетата, согласно член 109 став 8 од Законот за супервизија на осигурување.

По истекот на роковите од став 1 на овој член личните податоци ќе бидат избришани/уништени од базите на податоци на ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје.

Претседател на управен одбор

Елизабета Божиновска

ГРАВЕ НЕЖИВОТ Скопје